| | |
|---|---|
| ПРЕДЛАГАЧ: | Владата на Република Македонија |
| ПРЕТСТАВНИЦИ: | Беким Незири, министер за економија и<br><br>Христијан Делев, заменик на министерот за економија |
| ПОВЕРЕНИК: | Снежана Петковска, раководител на сектор во Министерството за економија |

# П Р Е Д Л О Г - З А К О Н
за изменување и дополнување на Законот за трговските друштва

Скопје, август 2014 година

Република Македонија
**ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**Бр. 42-6048/1**
**1.08.2014 година**
**С к о п ј е**

**ДО ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА СОБРАНИЕТО НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

**СКОПЈЕ**

Врз основа на членот 91 алинеја 2 од Уставот на Република Македонија и членовите 132 и 137 од Деловникот на Собранието на Република Македонија, Владата на Република Македонија Ви поднесува Предлог-закон за изменување и дополнување на Законот за трговските друштва, што го утврди на седницата, одржана на 1.08.2014 година.

За претставници на Владата на Република Македонија во Собранието се определени Беким Незири, министер за економија и Христијан Делев, заменик на министерот за економија, а за повереник Снежана Петковска, раководител на сектор во Министерството за економија.

**ПРЕТСЕДАТЕЛ НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

**м-р Никола Груевски**

Подготвил: Билјана Цоневска
Контролирал: Љубица Р. Димовска
Согласен: Митра Спасовска
Одобрил: Кирил Божиновски

## В О В Е Д

## I. ОЦЕНА НА СОСТОЈБИТЕ ВО ОБЛАСТА ШТО ТРЕБА ДА СЕ УРЕДИ СО ЗАКОНОТ И ПРИЧИНИ ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ

Согласно Заклучокот на Владата на Република Македонија од Извадокот од Нацрт - записникот од Шестата седница на Владата на Република Македонија одржана 07.07.2014 год. т.14, Министерството за економија беше задолжено да подготви Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за трговските друштва со кој ќе се предвиди зголемувањето или регулирањето на висината на платите на вработените во акционерските друштва во државна сопственост да биде со одлука на управниот одбор, но по предходна согласност на Владата на Република Македонија . По извештајот од седница на ГК при ВРМ одржана 30.07.2014 година во врска со т.60, Министерството за економија е задолжено да достави усогласен текст на Предлогот на закон согласно мислењето на Секретаријатот за законодавство. Во таа насока Извршени се консултации со Секретаријат за законодавство и подготвен е усогласен текст на Предлогот на закон за изменување и дополнување на ЗТД со кои се овозможува прецизирање во делот на утврдување на висината на бодот за пресметување на платите на вработените во друштвото со ограничена одговорност како и во акционерските друштва.

## II. ЦЕЛИ, НАЧЕЛА И ОСНОВНИ РЕШЕНИЈА НА ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОН

Целта на предложеното изменување и дополнување на Законот за трговските друштва е овозможување прецизирање во делот на утврдување на висината на бодот за пресметување на платите на вработените во друштвото со ограничена одговорност како и во акционерските друштва ,со што се прецизира дека кога Владата на Република Македонија може во својство на собрание на акционери односно на единствен содружник да го добри актот за утврдување на вредноста на бодот за пресметување на платите.

## III. ОЦЕНА НА ФИНАНСИСКИТЕ ПОСЛЕДИЦИ ОД ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОН ВРЗ БУЏЕТОТ И ДРУГИТЕ ЈАВНИ ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА

Предлог законот за изменување и дополнување на Законот за трговските друштва не предизвикува финансиски импликации врз Буџетот на Република Македонија.

## IV. ПРОЦЕНА НА ФИНАНСИСКИТЕ СРЕДСТВА ПОТРЕБНИ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ И НАЧИНОТ НА НИВНОТО ОБЕЗБЕДУВАЊЕ, КАКО И ПОДАТОЦИ ЗА ТОА ДАЛИ СПРОВЕДУВАЊЕТО НА ЗАКОНОТ ПОВЛЕКУВА МАТЕРИЈАЛНИ ОБВРСКИ ЗА ОДДЕЛНИ СУБЈЕКТИ

За спроведување на Предлог-законот за изменување и дополнување на Законот за трговските друштва не е потребно обезбедување дополнителни финансиски средства, ниту материјални обврски за одделни субјекти.

ПРЕДЛОГ - ЗАКОН
ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ТРГОВСКИТЕ ДРУШТВА

Член 1

Во Законот за трговските друштва (“Службен весник на Република Македонија” бр.28/04, 84/05, 25/07, 87/08, 42/10, 48/10, 24/11, 166/12, 70/13, 119/13, 120/13, 187/13, 38/14 и 41/14 ), во членот 215 по ставот (1) се додава нов став (2) кој гласи:

,, (2) Собирот на содружници во случај кога Владата на Република Македонија е единствен содружник во друштвото со ограничена одговорност покрај работите од став (2) на овој член дава согласност на актот за утврдување на висината на бодот за пресметување на платите на вработените во друштвото со ограничена одговорност .

Ставовите (2) и (3) стануваат ставови (3) и (4) . “

Член 2

Во членот 383 по ставот (1) се додава нов став (2) кој гласи:

,, (2) Собранието во случај кога Владата на Република Македонија е основач на друштвото , покрај прашањата од став (1) на овој член дава согласност на актот за утврдување на висината на бодот за пресметување на платите на вработените во акционерското друштво .

Ставовите (2), ( 3) и (4 ) стануваaат ставови (3 ) (4 ) и (5) . “

Член 3

Се овластува Законодавно-правната комисија на Собранието на Република Македонија да утврди пречистен текст на Законот за трговските друштва.

Член 4

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА ПРЕДЛОГ - ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ТРГОВСКИТЕ ДРУШТВА

## I.ОБЈАСНУВАЊЕ НА СОДРЖИНАТА НА ОДРЕДБИТЕ НА ПРЕДЛОГ ЗАКОНОТ

Со членот 1 од Предлог законот во членот 215 се воведува нов став (2) со кој се прецизира дека во случај кога Владата на Република Македонија е единствен содружник во друштвото со ограничена одговорност покрај работите за кои согласно закон е надлежен да ги врши собирот на содружниците од став (2) на член 215 се воведува нов став (2 )со кој се прецизира дека собирот на содружници во случај кога ВРМ е единствен содружник во друштвото со ограничена одговорност, дава согласност на актот за утврдување на висината на бодот за пресметување на платите на вработените во друштвото со ограничена одговорност .

Со членот 2 од Предлог законот во членот 383 по став(1) се воведува нов став (2) со кој се прецизира дека Собранието во случај кога Владата на Република Македонија е основач на друштвото, покрај прашањата од став (1) на член 383 , дава согласност и на актот за утврдување на висината на бодот за пресметување на платите на вработените во акционерското друштво .

Со членот 3 од предлог законот се овластува Законодавно-правната комисија на Собранието на Република Македонија да утврди пречистен текст на Законот за трговските друштва._

Со членот 4 од предлог законот се воведува завршна одредба за стапување на сила на законот.

## II. МЕЃУСЕБНА ПОВРЗАНОСТ НА РЕШЕНИЈАТА СОДРЖАНИ ВО ПРЕДЛОЖЕНИТЕ ОДРЕДБИ

Предложените одредби во законот се меѓусебно поврзани во одделни взаемни решенија во самиот закон.

## III. ПОСЛЕДИЦИ ШТО ЌЕ ПРОИЗЛЕЗАТ ОД ПРЕДЛОЖЕНИТЕ РЕШЕНИЈА

Со овие законска одредба би се овозможило прецизирање во делот на утврдување на висината на бодот за пресметување на платите на вработените во друштвото со ограничена одговорност како и во акционерските друштва.

ТЕКСТ НА ОДРЕДБИТЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ТРГОВСКИТЕ ДРУШТВА КОИ СЕ МЕНУВААТ И ДОПОЛНУВААТ

Надлежност на собирот на содружниците
Член 215

(1) Собирот на содружниците ги врши следниве работи:
1) ги усвојува годишната сметка и годишните финансиски извештаи, како и годишниот извештај за работата на друштвото во претходната деловна година и одлучува за распределбата на добивката и за покривање на загубите;
2) ги избира и ги отповикува управителот, односно другите управители, ако друштвото избира повеќе управители, и одлучува за склучување на договорот меѓу друштвото и управителот;
3) ги избира и ги отповикува членовите на надзорниот одбор, односно избира и отповикува контролор, ако друштвото има орган на надзор;
4) одлучува за мерките за испитување и вршење контрола над водењето на работите;
5) донесува одлука да се поведе постапка за надомест на штетата што ја претрпело друштвото во врска со неговото основање и управување спрема управителот, членовите на надзорниот одбор или контролорот (ако друштвото има орган на надзор) и одлучува за назначувањето застапник за водење на споровите, ако друштвото не може да го застапуваат управителот, односно управителите или членовите на надзорниот одбор;
6) одобрува склучување договори за набавка што е поголема од една петтина од основната главнина;
7) одобрува склучување договори што друштвото ги склучува со свој содружник, управител или со нивните роднини во права линија без ограничување и странична линија до трет степен, освен ако тие договори се склучуваат под вообичаените услови на работење на друштвото;
8) одлучува за измена на договорот за друштвото и
9) врши и други работи определени со овој закон.
(2) Со договорот за друштвото може да се определи собирот на содружниците да одлучува и за други прашања.
(3) Со договорот за друштвото може да се определи содружниците да одлучуваат за прашањата од ставот (1) на овој член преку допишување.

Надлежност на собранието
Член 383

(1) Собранието одлучува само за прашањата изречно определени со овој закон и со статутот, а особено за:
1) измена на статутот;
2) одобрување на годишната сметка, на финансиските извештаи и на годишниот извештај за работата на друштвото во претходната деловна година и одлучување за распределбата на добивката;
3) избор и отповикување на членовите на одборот на директори и на членовите на надзорниот одбор;
4) одобрување на работата и на водењето на работењето со друштвото на членовите на органот на управување и на надзорниот одбор;
5) промена на правата врзани за одделни родови и класи акции;
6) зголемување и намалување на основната главнина на друштвото;
7) издавање акции и други хартии од вредност;
8) назначување овластен ревизор за ревизија на годишната сметка и на финансиските извештаи ако друштвото има обврска да ги подготвува;
9) преобразба на друштвото во друга форма на друштво, како и за статусните промени на друштвото и
10) престанување на друштвото.

(2) Собранието избира претседавач со седницата на собранието, записничар и двајца акционери заверувачи на записникот, освен ако записникот не го води нотар. Собранието избира и комисија за спроведување тајно гласање и други физички лица (бројачи на гласови и други) ако тоа е потребно за вршење други работи коишто го овозможуваат непреченото одвивање на работата на собранието на начин и според условите определени со овој закон и со статутот.

(3) Ако собранието одлучува за измена на податок што во согласност со членот 298 од овој закон се запишува во трговскиот регистар записникот го води нотар.

(4) Собранието не може да одлучува за прашања од областа на управувањето, односно од областа на водењето на работењето на друштвото што се надлежност на органите на управување, освен ако тоа со овој закон поинаку не е определено.